

Почитуван Николовски,

Има толку многу работи да се кажат за вашето владеење што човек просто не знае од каде да почне. Македонскиот народ ви се восхитува на тоа колку си верувате на сопствените лаги, секоја ви чест.

Да ве потсетам бидејќи очигледно сте заборавиле дека според Transparency International сте прогласени за хибриден режим. За која демократија зборувате вие и со кое право? Ако порано сте шепотеле, сега треба да се криете!

За економијата зборувате како да живееме во Швајцарија, како да увезуваме работна сила, а реалноста е тажна. Иселувањето на младите никогаш не било по масовно затоа што тука нема перспектива, ја убивате и онаа малку надеж што граѓаните ја имаа. За каков раст на БДП зборувате вие? Кажете нешто за буџетската дупка која никој не знае колку е длабока. Заев и Нина Ангеловска уште не можат да се договорат во колкава економска дупка ни е државата.
Кажете колку луѓе останаа без работа во економската криза што ја предизвика Корона вирусот? Како им помогнавте на луѓето што имаат приватни бизниси? Слушнавте еден да е задоволен?

Или сакате да зборуваме за милионските тендери што беа наменети за бадеми, лешници, морски плодови, џипови ... или за хеликоптерите ... или за тоа кој е “главата” на Рекет ... додека речиси секое второ-трето семејство останува без приход и неизвесно живее од месец за месец.

И за крај, ве молам, јавно и транспарентно да им кажете на граѓаните за која европска иднина им зборувавте до пред некој месец и да споредите со сегашната ситуација?
Нечесно е да раскажувате бајки по социјалните мрежи, не почнува и не завршува се на фејсбук. Излезете меѓу граѓаните и видете ја суровата реалност за која вие функционерите од СДСМ не сакате ниту да слушнете, ниту да видите.

Виновни сте, и за тоа народот ќе ве казни!



Ljupcho Nikolovski
1 јуни во 16:43 ·
Оствaривме две од најважните стратешки цели: ние сме 30-та земја членка на НАТО и имаме одлука за почеток на преговорите со ЕУ.
Од „заробена држава“ денеска сме најпозитивниот пример во регионот. Ја обезбедивме сигурната иднина на граѓаните.
Ја вративме слободата и демократијата. Во време на режимот се шепотеше, денеска гласно се зборува.
Од -1,8 пад на економијата во времето на ВМРО-ДПМНЕ, обезбедивме раст на БДП од +3,6%.
За 2,5 години бројот на вработени граѓани го зголемивме за над 67.000 нововработени, а стапката на невработеност ја намаливме за 6%.
Покажавме грижа за сите. Платите ги покачувме речиси во сите сектори, минималната плата два пати ја покачивме и сега е 14.500 денари. Ги зголемивме и пензиите за 720 денари.
За овие три години ја извадивме земјата на прав пат, а денес знаеме дека заедно со вас, граѓаните, #можеме уште повеќе и уште подобро.
ТРИ ГОДИНИ ЧЕКОРИМЕ НА ПРАВ ПАТ.
МОЖЕМЕ УШТЕ ПОВЕЌЕ И УШТЕ ПОДОБРО.